# Наставен лист
(аугментативи)

Име и презиме________________________________

Чудниот чичко

Само што изгреа сонцето, чичкото рипна од широкото **креветиште,** ги навре **опинчиштата**, на нозете, го стави **капиштето** на главата и ја отвори вратата на куќата. Потоа промрморе нешто низ **мустаќиштата,** побрза да ја истера кравата од шталата и рече:

- Рогато **кравиште,** оди паси во зелената ливада, а јас ќе појдам во шумата да наберам дрва.

Чичкото го стави **секириштето** на рамото и тргна по патот кревајќи со своите широки опинци **облачишта** од прашина.

**Задача: Согледај!**

По што се разликуваат истакнатите од другите именки во овој текст?

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________.

Именките, зборовите кои означуваат нешто големо или грдо се викаат ________________________.

**Примени го наученото!**

Покрај истакнатите именки во текстот напиши ја нивната форма што означува нешто мало, мило.

- креветиште _______________
- опинчишта_________________
- капиштето________________
- мустаќиштата_______________
- кравиште__________________
- секиришште_________________
- облачишта________________

Напиши реченици во кои ќе употребиш по еден збор што ќе означува нешто зголемено и нешто намалено.

________________________________________________
________________________________________________
________________________________________________
________________________________________________